[redacted]

Арх.Бр. 02-204/4

Дата: 17.04.2025

Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз - Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

Врз основ на член 75 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04,49/04 и 86/08), во врска со член 36 и 37 од статутот на ЈП за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ, Кавадарци со арх. бр. 08-4373/41 од 14.07.2022 година, а согласно член 19 од законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.6/02, бр.19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22) на седницата одржана на 18.12.2018 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за заштита од пожари

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со цел да се одстранат опасностите од пожар и спасат луѓето и имотот се донесува Правилник за заштита од пожари.

Со овој Правилник се регулира организацијата на заштита и спасување,правата и обврските на вработените,средствата и мерките за заштита од пожар,запознавањето на вработените со мерките за заштита од пожар како и ракување со опремата за гасење пожар.

**Член 2**

Работниците се должни да спроведуваат заштита од пожари при вршење на работните задачи на кои се распоредени.Работите за заштита од пожар се од заеднички интерес,а загрозувањето и уништувањето на имотот се смета за штета на училиштето во целост.

**Член 3**

Работниците се должни да се придржуваат кон одредбите на овој Правилник, предупредувањата кои се напишани и истакнати на видни места во кругот на училиштето и сите објекти во него.

**Член 4**

Мерките за заштита пропишани со овој Правилник и други акти од оваа област ги спроведуваат вработените,како и други лица кои присуствуваат во објектите,просториите или кругот на јавното претпријатие.

[redacted]

Арх.Бр.______________

Дата:________________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз - Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

**Член 5**

За унапредување и спроведување на мерките за заштита од пожар во границите на своите должности одговорни се:

1.Директор
2.Одговорното лице за заштита од пожар
3.Вработените лица

Управниот одбор на јавното претпријатие најмалку еднаш годишно расправа за состојбата и проблемите со заштита од пожар во јавното претпријатие.

Управниот одбор го задолжува директорот еднаш годишно да достави до управниот одбор извештај за состојбата во која се наоѓаат противпожарните апарати и да го задолжи од денот на седницата на управниот одбор во рок од 10 дена да ги отстрани сите неправилности доколку ги има на самите противпожарни апарати.

**Член 6**

Во претпријатието се формираат единици за заштита и спасување- екипи.

Членовите на единицата за заштита од пожар се обучуваат за ракување со противпожарна опрема и апарати за гасење на пожар.

Во случај на пожар членовите на единицата се должни веднаш да пристапат кон гасење на истиот и да ги извршуваат сите наредби на одговорното лице.

**Член 7**

Вработените во текот на своето работење се должни да ја контролираат исправноста и употребливоста на на ПП опремата и ПП апаратите,проодноста на ПП патеките,правилната распореденост на и достапноста на ПП апаратите во објектот,исправноста на хидрантите и нивната опременост,пристапите кон шалт таблите,влезовите во објектот и исправноста на громобранската инсталација.

Во колку воочат одредени неправилности,должни се за тоа да ги известат Директорот и одговорното лице за заштита од пожар.

[redacted]

Арх.Бр.________________

Дата:__________________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз - Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

**Член 8**

**Одговорно лице за заштита од пожар**

Одговорното лице за заштита од пожари кое со одлука го именува Управниот одбор, при вршење на работните задачи ги има следните должности:

1.Ги следи превентивните мерки з а заштита од пожари утврдени со Закон и со други прописи,со овој Правилник,како и други акти на претпријатието;

2.До отстранувањето на неисправноста од претходниот став превзема потребните мерки за да не дојде до појава на пожар,како и до несакани последици-материјални штети или евентуални човечки жртви;

3.Се грижи за прописниот број и разместување на ПП апаратите,хидрантската и друга ПП опрема,за нивната исправност,замена ,поправка,сервисирање и сл.;

4.Се грижи за припремањето на општите акти од облсата на заштита од пожари.

5.Се грижи за обученоста на вработените,заради подигање на степенот на подготвеност и потполна оспособеност за извршување на обврските од областа на заштита од пожари;

6.Во случај на појава на пожар,непосредно учествува во откривање на ппричините за настанување на истиот;

7.Ги следи прописите од областа на заштита од пожар,како и техничките достигнувања од областа на заштитата од пожари и во согласност со нив предлага и превзема конкретни мерки за унапредување на заштитата од пожари;

8.Предлага и се грижи за спроведувањето на мерките и нормативите од областа на заштита од пожари при адаптација-реконструкција,поправки и сервисирања кои се вршат во јавното претпријатие;

9.Води потребна евиденција од областа на заштитата од пожари,како и други евиденции од оваа област;

10.Во случај на воочување на одредени недостатоци поради кои постои опасност од избивање на пожар,го известува претпоставениот.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОРГАНИТЕ ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО**

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Член 9**

Управниот одбор на ЈП за превоз на патници„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“-Кавадарци во областа на организирањето, спроведувањето и унапредувањето на заштитата од пожари ги врши следните задачи:

1.Донесува Правилник за заштита од пожари,план за заштита и спасување и програма за обука на вработените;

2.Ги утврдува потребните средства за заштита од пожари,води сметка за нивно обезбедување и одобрува нивно користење;

3.Прави увид на сотојбата за организацијата на заштита од пожари и

Арх.Бр.________________

Дата:________________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз - Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

степенот на безбедноста,и ги превзема потребните мерки за унапредување на заштитата од пожари;

4.Ги разгледува испекциските и други наоди,известувања и решенија,како и извештаите и заклучоците на органите на управувањето.Превзема мерки утврдените недостатоци да се отстранат во дадени рокови како и спроведување на заклучоците;

5.Ги обезбедува потребните услови за благовремено, потполно и редовно информирање на вработените и другите лица за состојбите на организирањето и спроведувањето на пропишаните мерки за заштита и превзема мерки за понатамошно остварување и унапредување на заштитата од пожари.

6.Ја утврдува материјалната и друга одговорност на раководителите како и на одговорните лица што ги именува, за неспроведување на пропишаните и наложените мерки за заштита кои им се пропишаните и наложените мерки за заштита коишто им се ставени на располагање или прописите донесени врз основа на Законот,со овој Правилник или други општи акти.

7.По потреба формира комисија за заштита од пожари,ги разгледува нејзините извештаи и донесува одлуки и ја прати и ја усмерува нејзината работа.

8.Врши и други работи и задачи што допринесуваат за унапредување за заштита од пожари.

**РАКОВОДНО ЛИЦЕ**
**(Директор)**

**Член10**

Раководното лице при вршењето на работите од областа на заштита и спасување ги има следните права и должности:

Одговорен е за организирање заштита од пожари во претпријатието,а посебно за примена на пропишаните мерки за заштита од пожари.

1.Во случај на одредени отстапувања или недостатоци,должен е да правземе мерки за отстранување на воочените недостатоци;

2.Му предлага на Управниот одбор,разгледување на поодделни прашања од областа на заштита од пожари и превзема потребни мерки за нивно решавање;

3.Се залага за навремено донесување на Планот за заштита и спасување од пожари и и правилата за заштита од пожари,како и другите акти од оваа област;

4.Навремено и прописно ги отстранува утврдените недостатоци;

5.Навремено и прописно врши набавка на средства и опрема за гасење на пошари и води сметка за нивната употреба и одржување;

6.Ги информира вработените за состојбите,средствата и мерките што се превземаат за спроведувањето и унапредувањето на заштитата од пожари и експлозии.

[redacted]

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Арх.Бр.______________

Дата:________________

Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз - Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

### Член 11

Вработените во претпријатието се носители на работните задачи,односно општите и посебни мерки за заштита на луѓето и имотот,во склад со Законот,со овој Правилник и другите акти на претпријатието,а посебно:

1.Да организираат заштита на сите вредности со коишто располагаат на начин којшто обезбедува полна лична сигурност на вработените и сигурност на имотот на претпријатието.

2.Да преземаат,спроведуваат и да се придржуваат кон пропишаните мерки за заштита;

3.Да бараат помош од органите,организациите и лицата коишто можат или пак имаат законска обврска за тоа во склад со своите можности,а поготово во гасењето пожари и спречување на нивното ширење;

4.Да упатуваат предлози и барања до лицата и органите и службите н адлежни за преземање мерки за заштита за отстранување на опасностите,односно недостатоците или последиците по здравјето и животот на луѓето од пожар, оштетување или уништување на објектите;

5.Да бидат вистински и навреме известени за појавите на загрозување на луѓето и имотот,со мерките и задачите кои се превземени за отстранување на опасноста или на настанатите последици;

6.Да се оспособат и вршат проверка на знаењата за непосредно применување на мерките за заштита,отстранување на причините за појава на загрозување,како и нивните последици;

7.Во текот на работата,а оние што се задолжени и по работното време,постојано да ја следат и контролираат работата,функционирањето и исправноста на апаратите, инсталациите и други средства во работната средина и пошироката околина и секоја неисправност веднаш да ја пријават до надлежниот орган-служба,со цел отстранување на нивната неисправност којашто може да ја загрози безбедноста на луѓето и имотот на претпријатието;

8.Да користат лична заштитна опрема и средства на начин што е пропишан со правилник;

9.Да пријават пожар и да учествуваат во гасење на истиот на начин пропишан со овој правилник и други акти на претпријатието.

## ТЕХНИЧКА ОПРЕМА И СРЕДСТВА ЗА ГАСЕЊЕ НА ПОЖАРИ И НИВНА РАЗМЕСТЕНОСТ

### Член 12

За успешно извршување на задачите за заштита на луѓето и имотот од пожар,со овој правилник се пропишува и минималната техничка опрема и средства за гасење на пожар предвидени со закон и планот за заштита од пожар на претпријатието.

**Противпожарни апарати**

(рачни)

1.Сите противпожарни апарати со коишто се гаси пожар најефикасно и најбрзо,без последици за претпријатието и вработените;

[redacted]

Арх.Бр.________________

Дата:________________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз -Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

Хидрантски ормари:

1. Ѕиден-празен;
2. Самостоечки-празен.

**Член 13**

За одржување на ПП средствата и ПП опремата се грижат сите вработени и секој поединец задолжен за истата.

**Член 14**

Средствата за гасење пожари мора да се наоѓаат на пристапни и видни и означени места –т.н.пунктови,во просториите на објектот и надвор од него и секогаш во исправна состојба.Апаратите за гасење пожар мора да се контролираат согласно упатството на производителот,најмалку еднаш годишно.

Сервисирањето и контролирањето на апаратите за гасење на пожар,го врши овластена фирма-сервис.

**Член 15**

Видот на опремата и средствата за гасење пожар и нивниот распоред се утврдуваат со Елаборат за заштита од пожар.

**ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ПОЖАР**

**Член 16**

Секој вработен во претпријатието кој ќе примети пожар,должен е да го изгаси ако тоа може да го стори без опасност за себе и за околината.Во случај кога вработениот не може сам да го изгаси пожарот,должен е веднаш да ги извести останатите вработени и присутни кои се наоѓаат во објектот,како и директорот и одговорното лице за заштита од пожар,кои веднаш согласно планот за заштита од пожар пристапуваат на гасење на пожарот.

**Член 17**

Кога се работи за пожар од поголем обем кој не може да се изгаси со сопствени сили,раководителот или од него овластеното лице (одговорното лице) бараат помош од Територијалната против пожарна единица (ТППЕ)-Кавадарци на директен телефон 193 или на 043/410-141.

**Член 18**

ТППЕ е должна да интервенира во најбрз можен рок и веднаш да пристапи кон локализирање на пожарот:

Вработените во претпријатието се должни да учествуваат во гасењето на пожарот и спасувањето на лицата и имотот загрозени од пожарот,а координацијата со ТППЕ ја вршат Раководителот и одговорното лице за заштита од пожар.

Арх.Бр.________________

Дата:__________________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз - Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

**Член 19**

За време на пожарот сите присутни или повикани лица се должни да ги извршуваат наредбите на раководителот на акцијата за гасење пожар (раководителот од претпријатието,или од ТППЕ).

**Член 20**

За настанатиот пожар се изветуваа Полициската станица-Кавадарци и другите релевантни субјекти во општината (ЕЛС,ПОЗС,РЦУК).

По давањето знак за узбуна забранета е употреба на телефон,освен за најхитни разговори коишто се во врска со настанатиот пожар.

**Член 21**

Гасењето на пожарот и спасувањето на луѓето и имотот се врши се додека не се изгаси пожарот во целост,или раководителот на акцијата не ја прекине акцијата.

**ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ**

**Член 22**

ЈП за превоз на патници„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“-Кавадарци обезбедува вработените пред распоредување на работа и пред измена на работниот процес да бидат запознати со опасностите од пожар и експлозија,а во текот на работата се грижи за нивна обука и употреба на знаењата од областа на заштита од пожари.

**Член 23**

Обуката на вработените од областа на заштитата од пожари се состои од практичен и теоретски дел, а се врши на сите категории на вработени - на сите работни задачи во претпријатието.

**Член 24**

Програмата за обука и нејзините измени и дополнувања ги изработува стручната служба на претпријатието,а конечно ја утврдува Директорот.

За изработка на програмата за обука можат да се ангажираат и надворешни соработници.

**Член 25**

Содржината на програмата за обука на вработените опфаќа општи и посебни пожарни опасности кои го загрозуваат имотот и вработените:

1.Правата и обврските за заштита од пожари на вработените;
2.Организација на заштита од пожари;
3.Опрема и средства за гасење на пожари;
4.Правила за спасување на луѓе,дојава и гасење на пожари.

**Член 26**

Со програмата се одредува содржината за секое работно место,потребна литература,потребно време на слушање и ако е обуката од семинарски тип и постапките кои се во склад со Правилникот за заштита од пожари и програмираната материја од областа на заштита при работа.

[redacted]

Арх.Бр.______________
Дата:_______________
Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз -Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

**Член 27**

Проверувањето на знаењето после извршената обука од областа на заштита од пожари се врши само од материја што е во програмата за обука,а тестовите ги составува посебна служба.

Проверувањето на практичната оспособеност на вработените ја врши непосредниот раководител којшто ја вршел обуката или овластено лице.

**Член 28**

Проверката на практичната и теоретската обука на вработените се врши кај новопримените работници и оние кои се распортедени од едно на друго работно место ,и лица кои на работни места каде се изменети технолошките постапки во процесот на работа.

**Член 29**

За извршената обука,односно проверка на оспособеноста се врши евиденција во која се внесуваат потребните податоци со доказ за извршената обука на вработените.

**ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА НЕПРИДРЖУВАЊЕ КОН ПРОПИШАНИТЕ МЕРКИ**

**Член 30**

Работникот кој во делокругот на работата не ги исполнува задачите и обврските во за заштита од пожар на имотот,според овој Правилник,а врз основа на Законот и Статутот на ЈП за превоз на патници “ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“-Кавадарци прави потешка повреда на работната обврска.

**Член 31**

За повреда на работните обврски од член 16 на овој правилник,работникот одговара по одредбите на правилникот за дисциплинска-материјална одговорност на работниците.

**Член 32**

Работникот кој поради непридржување кон мерките за заштита од пожар намерно или од невнимание предизвика материјална штета,должен е таа штета да ја надокнади.

Надокнадата на материјалната штета од претходниот став се врши на начин и постапка утврдена со актот за одговорноста на работниците во ЈП за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ –Кавадарци.

**Член 33**

Одговорноста поради повреда на работните обврски и материјалната одговорност на работникот, по одредбите на овој Правилник не ја исклучува одговорноста на работникот.

Одговорното лице штом дознае дека работникот за непридржување кон пропишаните мерки за заштита од пожар сторил кривично дело,должен

[redacted]

е за тоа да ја извести и раководното лице.

Арх.Бр.________________

Дата:__________________

Кавадарци

Република Северна Македонија
ЈП Градски Превоз - Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел.
e-mail:

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 34**

Планот за заштита од пожари,како составен дел на овој Правилник мора да биде изработен во рок од 2 месеци од неговото усвојување од Управниот одбор на ЈП за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“-Кавадарци.

**Член 35**

Кршењето на одредбите од Законот за заштита и спасување на овој Правилник повлекува дисциплинско-материјална одговорност.

**Член 36**

Овој правилник мора да биде умножен во доволен број на примероци и да се подели на припадниците на одговорните лица,и да се запознаат вработените.

**Член 37**

Одлуките на Управниот одбор донесени за превземање на превентивни мерки како и одлуки што ќе се донесат по прифаќањето на овој Правилник,ќе се сметаат како составен дел на овој Правилник.

**Член 38**

Во колку одредбите од овој правилник станат спротивно на ново донесените законски прописи,во тој случај ќе се променат нормите спрема ново донесените законски прописи.

**Член 39**

Измените и дополнувањата во овој Правилник се вршат на начин и постапка како и неговото донесување.

**Член 40**

Овој Правилник стапува на сила од денот на неговото усвојување од страна на УПРАВНИОТ одбор на ЈП за превоз на патници„ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“-Кавадарци

**Управен одбор**
**ЈП за превоз на патници**
**ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ**
**Претседател**
**Марија Спанџова**

Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ * Кавадарци *